15-ТИ СЕПТЕМВРИ
ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

# Е-МАПАС
# БР. 47

СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА

МАПАС
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# 15-ТИ СЕПТЕМВРИ - ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ




Неделата за пензиската свесност оваа година се одржа од 11 до 15 септември, а Денот за пензиска свесност вообичаено е на 15-ти септември. Почнувајќи од 2014 година Денот за пензиска свесност има за цел да ја истакне важноста на пензиското штедење.







Во рамки на својата мисија да ги заштити интересите на членовите на пензиските фондови и да го поттикне развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС го одбележа 15-ти септември – Денот за пензиска свесност со низа активности користејќи ги електронските комуникациски алатки и социјалните медиуми.




## ИНТЕРВЈУ: Дарко Саздов, МАПАС: Во приватните пензиски фондови има 2 милијарди евра, инвестиција на идните пензионери

Утре се одбележува Денот на пензиска свесност. Од МАПАС нагласуваат дека особено е важно младите навремено да се информираат за правата, за обврските и за придобивките на членовите на задолжителните и на доброволните пензиски фондови, веднаш по започнувањето на работниот однос.

Целото интервју на следниот линк: slobodenpecat.mk

Интервју на утринската програма Здраво Македонијо на Канал 5 со Владо Георгиев - Раководител на Сектор за институционална контрола на тема:
15 СЕПТЕМВРИ ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ ПРЕЗЕМИ ОДГОВОРНОСТ ЗА ТВОЈАТА ПЕНЗИЈА!




Целосното интервју на следниот линк: youtube.com

# 15-ТИ СЕПТЕМВРИ - ДЕН ЗА ПЕНЗИСКА СВЕСНОСТ







Едукативните активности се организираа со цел да се подигне свеста на граѓаните за значењето на пензиското осигурување и да се зголеми информираноста за пензискиот систем. Со тоа, сегашните и идни осигуреници и членови добиваат значајна основа за да можат да ја испланираат и да ја осигураат својата пензиска иднина.






МАПАС потенцира дека особено е важно младите навремено да се информираат за правата, обврските и придобивките на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови, веднаш по започнувањето на работниот однос.

# НОВОСТИ

## ДОБИВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ОД ЧЛЕНОВИТЕ ЗА ДИСТРИБУИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ НА ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС е регулаторна и супервизорска институција која е основана со цел да се грижи за интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

МАПАС ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, за правата на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување.

За таа цел МАПАС, ја известува пошироката јавност дека воведува дополнителен дигитален начин на информирање за едноставен и брз пристап до членовите на пензиските фондови. МАПАС по добивање на согласност од членовите, на електронската пошта на членовите ќе доставува информации поврзани со правата и новостите во капитално финансираното пензиско осигурување.

Целта на дистрибуцијата на информации до членовите е да се подобри информираноста за пензискиот систем и за правата и обврските на членовите на вториот столб и да се подигне јавната свест.

Ви благодариме што ги користите нашите електронски услуги и што придонесувате за заштита на животната средина.

## ПРОДОЛЖУВА ПРОЕКТОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ СО ИНФЕ-ОЕЦД, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА ХОЛАНДИЈА И MONEY WISE

Продолжува јакнењето на капацитетите на Народната банка и финансиските регулатори (Министерство за финансии, Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на осигурувањето и Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување) во полето на финансиска едукација, преку соработка со еминентни финансиски институции. Започнува втората фаза на Проектот за финансиска писменост на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) и нејзината Меѓународна мрежа за финансиска едукација (ИНФЕ), спроведен со финансиска поддршка на Министерството за финансии на Холандија и неговата Money Wise платформа којашто ќе се одвива во следниот петгодишен период, од 2023-2027 година. Главниот приоритет на втората фаза е да ги поддржи земјите да го подобрат нивото на финансиска писменост на нивното население преку поддршка при утврдувањето и имплементацијата на домашните стратегии и политики за финансиска писменост, со нудење изработка на анализи, извештаи и препораки за градење капацитети приспособени на соодветните институционални потреби и стратешките приоритети.




Со проектот, покрај нашата земја, ќе бидат опфатени и Ерменија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Грузија, Молдавија, Црна Гора, Романија и Украина. Преку проектните активности ќе се обезбеди можност за пристап до експертиза од регионот и пошироко за актуелни прашања од областа на финансиската писменост и ќе се покренат ефикасни иницијативи за финансиска едукација кои произлегуваат од најдобрите меѓународни практики и искуство.

Во рамки на првата фаза на Проектот (2018-2021 година), од страна на Народната банка, а во соработка со останатите финансиски регулатори, беше изработена првата Национална стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија (за 2021-2025 година). Беше изработен и Кодекс на добри практики за финансиска едукација, како и Рамка на основните компетенции за финансиска едукација. Воедно, воспоставена е мрежа на субјекти од приватниот и граѓанскиот сектор, вклучени во областа на финансиска едукација и инклузија. Во рамки на првата фаза, меѓу другото, од страна на ИНФЕ-ОЕЦД беа собрани податоци за нивото на финансиска писменост на возрасното население, а беше спроведена и анкета за финансиската писменост на микро, мали и средни претпријатија. Овие мерења создадоа основа за натамошни активности во областа на финансиската писменост, кои ќе продолжат и во втората фаза од проектот.

Money Wise е платформа за финансиска едукација на населението и соработка со сите засегнати субјекти во оваа област, создадена од холандското Министерство за финансии на Холандија.

ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?
Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001